**20110992365**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА

Врз основа на член 174 од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Македонија” бр. 14/2006, 24/2007, 103/2008 и 67/2010), министерот за одбрана, донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ, ПРАВИЛАТА И ПОСЕБНИТЕ УСЛОВИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НА ВОЕНИТЕ ВОЗДУХОПЛОВИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува начинот, правилата и посебните услови за вршење на инспекциски надзор на воените воздухоплови и воздухопловно-техничкиот персонал (во натамошниот текст: инспекциски надзор), правата, должностите и одговорностите, како и условите кои што треба да ги исполнуваат лицата за вршење на инспекциски надзор.

Член 2

Одделни изрази употребени во овој правилник го имаат следното значење:

1) Воздухопловно-техничкото обезбедување е подсистем на логистичкото обезбедување во АРМ и представува збир на организирани работи, мерки и постапки на воздухопловно-техничката служба (ВТСл) со кои, во мир, кризни состојби и во војна, се обезбедуваат најповолни материјални и технички услови за обука, работа и борбени дејства на воздухопловните единици во Армијата на Република Македонија.

2) Воздухопловно-техничка служба (ВТСл) е стручна служба надлежна да го пропише, организира и спроведе системот на воздухопловно-техничкото обезбедување (ВТОб) и е носител на задачите за ВТОб на воздухопловно-техничките материјални средства (ВТМС) во АРМ;

3) Воен воздухопловно-технички персонал се припадници на ВТСл кои ги извршуваат задачите на оваа служба;

4) Воздухопловно-технички материјални средства се материјални средства кои се доделени и се користат при извршување на задачите во воздухопловните единици, при што ВТСл е технички носител на планирањето;

5) Воздухопловно-технички упатства се документи со кои детално се разработуваат одредбите од Правилата за одржување и употреба на ВТМС, се пропишува експлоатационата и придружната документација, исправите на ВТМС и обрасците;

6) Овластување е оспособеност и одобрение на воено воздухопловно-техничкиот персонал за вршење на одредени задачи во текот на вршењето на воздухопловно-техничката служба;

7) Оспособување и усовршување на воздухопловно-техничкиот персонал е процес за усвојување на нови знаења, вештини и навики за извршување на одредени должности од домен на ВТСл, кој се одвива според утврден и одобрен План и Програма и се состои од теоретски и практичен дел.

8) Служба-Воено воздухопловен авторитет (СВВА) е стручна служба на Министерство за одбрана на Република Македонија надлежна за вршење на управни и стручни работи од областа на военото воздухопловство;

9) Стручна оспособеност е ниво на оспособеност на воено воздухопловно- техничкиот персонал за извршување на задачи на одреден вид или тип на воздухоплов и воздухопловно технички материјални средства.

Член 3

Инспекцискиот надзор на воените воздухоплови опфаќа надзор над примената на прописите за: воздухопловот, посебно во поглед на условите за безбедно користење и правилно одржување на воздухопловот, обезбедување континуираната исправност на воените воздухоплови и останатите воздухопловно-технички материјални средства, поправките и ремонтите на воздухопловите, моторите, елисите, падобраните и опремата на воздухопловите; исправите, книгите и другите документи што треба да бидат во воздухопловот,

Инспекцискиот надзор на воените воздухоплови се врши во согласност со Правилникот за одржување и техничка контрола на воените воздухоплови и воздухопловно-технич¬ките упатства за одржување и користење на воените воздухоплови.

Член 4

Инспекцискиот надзор на воздухопловно-техничкиот персонал вклучен во воздухопловно-техничкото обезбедување, одржувањето и техничката контрола на воените воздухоплови опфаќа надзор над примената на правилата и процедурите за: работата и начинот на вршење на стручните работи на персоналот, едукацијата, стручната обука и оспособеност, дозволите, овластувањата и уверенијата за стручна оспособеност на воздухопловно-техничкиот персонал.

Инспекцискиот надзор на воздухопловно-техничкиот персонал се врши во согласност со Правилникот за воен воздухопловно-техничкиот персонал, Правилникот за одржување и техничка контрола на воените воздухоплови како и воздухопловно-техничките упатства.

Член 5

Инспекцискиот надзор се врши како редовен, вонреден и повратен.

Инспекцискиот надзор од став 1 на овој член може да биде најавен и ненајавен, а по обем целосен и делумен.

Член 6

Редовниот инспекциски надзор е најавен и целосен и се врши врз основа на овластување на министерот за одбрана согласно годишниот план за вршење инспекциски надзор.

Редовен инспекциски надзор се врши по претходно писмено известување доставено по линија на раководење и командување до воздухопловната единица во која се врши надзорот, најмалку 15 (петнаесет) работни дена, пред денот определен за вршење на инспекцискиот надзор.

Член 7

Вонредниот инспекциски надзор се врши заради контрола во спроведувањето на одделни прописи и по одредени прашања од областа на воздухопловно-техничкото обезбедување, одржување и техничката контрола на воените воздухоплови како и проверка на оспособеноста на поединци или дел од воздухопловно-техничкиот персонал во познавањето и спроведувањето на правилата, прописите и практичното извршување на задачите од доменот на одржување на воздухопловите и воздухо¬пловно-техничките материјални средства, кога заради итноста не можат да се извршат во редовниот инспекциски надзор.

Вонредниот инспекциски надзор е ненајавен и делумен, а се врши по укажана потреба или доколку се појават индикации и сомневања во непочитување на пропишаните правила и прописи во одржувањето или во стручноста на воздухопловно-техничкиот персонал, како и после случување на инцидент, сериозен инцидент или несреќа, на предлог на

Службата- Воено воздухоп¬ловен авторитет или началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија, а по овластување на министерот за одбрана.

Член 8

Повратниот инспекциски надзор се врши по истек на определениот рок за отстранување на неправилностите и недостатоците утврдени при вршењето на редовниот или вонредниот инспекциски надзор со цел да се утврди дали истите се отстранети.

Член 9

Инспекцискиот надзор на воздухопловно-техничкиот персонал, воздухопловнотехничкото обезбедување, одржувањето и техничката контрола, како и исправноста на воените воздухоплови, е во надлежност на Службата-Воено воздухопловен авторитет.

Инспекцискиот надзор го вршат воените старешини со звање воено воздухопловен инженер- инспектор од составот на СВВА, а по потреба може да се ангажираат и старешини од ГШ на АРМ кои имаат звање воено возду¬хопловен инженер- инспектор.

Член 10

Воено воздухопловниот инженер - инспектор треба да ги исполнува следните услови:

- да има дозвола за одржување на воен воздухоплов во звање воено воздухопловен инженер за контрола на квалитетот за една од специјалностите авион/ хеликоптер, мотор и системи (АМС/ХМС), инструменти, радиорадарска и електро опрема (ИРЕ) или воздухопловно вооружување (ВоВ);
- да има познавање за соодветен тип(ови) на воздухоплови и впишано овластување во дозволата за одржување;
- да има најмалку 15 години работно искуство на работи во системот на воздухопловно-техничко обезбедување, одржување и подготовка на воени воздухоплови во управните и извршните органи на воздухопловно-техничката служба;
- да ги познава стандардите за одржување на воените воздухоплови пропишани со Правилникот за одржувањето и техничката контрола на воени воздухоплови, воздухопловно-техничките упатства за одржување и употреба (користење) на воздухопловите и други стандарди и процедури кои се применуваат во процесот на воздухопловно-техничкото обезбедување;
- да има успешно завршена почетна стручна обука за усовршување и обновување на стекнатото знаење согласно Програмата за обука на инспектори и
- да не е казнуван по основ на стручни дисциплински грешки.

Член 11

Службата-Воено воздухопловен авторитет изготвува Годишни планови и програми за инспекциски надзори и процедури во кои се објаснува организациската поставеност на СВВА при вршењето на инспекциските надзори, содржината на листите за проверка, начинот на евиденција, анализа, класификација на наодите и утврдување на корективните и други потребни мерки, како и чување на податоците и доказите од инспекцискиот надзор.

Член 12

Пред започнување на вршењето на инспекцискиот надзор, инспекторот се легитимира, го покажува овластувањето за вршење на надзорот и го запознава одговорното лице на воздухопловната единица, каде што се врши инспекцискиот надзор, со планот, целта и методот на извршување на инспекцискиот надзор.

Член 13

Во вршењето на инспекцискиот надзор, воено воздухопловниот инженер-инспектор постапува и ги применува потребните мерки за заштита на тајноста на податоците од значење за одбраната.

Член 14

По извршениот инспекциски надзор се составува записник во кој се наведуваат податоците за називот на воздухопловната единица каде е извршен инспекцискиот надзор, времето и местото на вршењето на инспекцискиот надзор, името и презимето на инспекторот и другите лица присутни при вршење на инспекцискиот надзор, констатираната состојба и предложените мерки и рокови за отстранување на утврдените неправилности и недостатоци.

Записникот се доставува, по линија на раководење и командување, до воздухопловната единица во која е извршен надзорот.

Член 15

Доколку одговорното лице на воздухопловната единица, каде што е извршен инспекцискиот надзор, има забелешки на констатираната состојба наведена во записникот и предложените мерки и рокови за отстранување на утврдените неправилности и недостатоци, истите ги доставува до Министерството за одбрана, односно Службата-Воено воздухопловен авторитет, по линија на раководење и командување.

За постапувањето по забелешките на записникот од став 1 на овој член, се известува воздухопловната единица каде што е извршен инспекцискиот надзор, по линија на раководење и командување.

Забелешките по записникот не го одложуваат спроведувањето на предложените мерки и рокови за отстранување на утврдените неправилности и недостатоци.

Член 16

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 01-4526/2
12 јули 2011 година
Скопје

Министер за одбрана,
**Зоран Коњановски,** с.р.